**Ефективната борба против корупцијата на високо ниво: прашање на личност или на систем** – е темата на конференцијата што ја организира МЦМС на 22 март 2016 година во х. Холидеј ин во Скопје. На Конференцијата ќе зборуваат **Лаура Кодрута Ковеси, главен обвинител на Националниот директорат за антикорупција во Романија** и Катица Јанева, јавен обвинител во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите.




Обвинителката Кодрута Ковеси ќе се осврне на политиката, механизмите и институциите, како и на клучните актери и достигнувањата во борбата против корупцијата на високо ниво во Романија. На истиот панел, „**Непристрасност, интегритет, ефективност**“ за искуствата во борбата против корупцијата ќе зборува и Катица Јанева, специјален јавен обвинител.

**„Дали борбата против корупцијата е колективна одговорност?“** ќе биде носечка тема во вториот панел каде за улогата и придонесот на граѓанските организации, ќе зборуваат **Јоана Авадини**, извршен директот на Центарот за независно новинарство од Романија, **Руслан Стефанов**, директор на економската програма, Центар за изучување на демократијата од Бугарија и **Слаѓана Тасева**, претседател на Транспаренси Интернационал, Македонија.

Целта на конференцијата е да се разменат искуства и да се отвори **поширока дебата за предизвици со кои се соочува Република Македонија и регионот во борбата против корупцијата**
на високо ниво, преку споделување на искуството од Република Романија како земја која во последните години бележи значителни успеси на ова поле.

Конференцијата е дел од Програмата на УСАИД за антикорупција, што ја спроведува МЦМС. Цел на програмата е зголемена информираност и знаења на граѓанските организации и граѓаните за барање повеќе отчетност кај институциите како и придонесување кон нивен повисок интегритет.